Ваш деловен соработник во светот на бизнисот
# БИЗНИС ИНФО
99 години
Број 464
www.mchamber.mk
13.8.2021




# ОТВОРЕН БАЛКАН БЕЗ ГРАНИЦИ, СО ПРИЗНАВАЊЕ НА РАБОТНИТЕ ДОЗВОЛИ И КВАЛИФИКАЦИИТЕ НА РАБОТНИЦИТЕ



# ПОКРОВИТЕЛИ

## НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

### ПРЕМИУМ Покровители

АЛКАЛОИД СКОПЈЕ
EVN
vitaminka
NLB Banka
GRANIT BUILDING & CONSTRUCTION
IGM trade
T · ·
МЕПСО МАКЕДОНСКИ ЕЛЕКТРОПРЕНОСЕН СИСТЕМ ОПЕРАТОР
ECM ЕЛЕКТРАНИ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Gulf
ПЕКАБЕСКО
euro Nickel INDUSTRIES
nextsense
VERO сè на едно место
КОЖУВЧАНКА
MERMERE Kombinat

### СТАНДАРД Покровители

ComfyAngel
OKTA
РАДЕ КОНЧАР - СЕРВИС СЕРВИС И ПОПРАВКА НА ЕЛЕКТРИЧНИ ПРОИЗВОДИ
RADE KONČAR-TEP
A1
seavus www.seavus.com
ZAN MITREV CLINIC
СЕМОС
CROATIA OSIGURANJE КРОАЦИЈА ОСИГУРУВАЊЕ
HALKBANK
СТОПАНСКА БАНКА АД - СКОПЈЕ членка на NBG групацијата На ваша страна
scalefocus
ДЕ-НИ МЕБЕЛ
cargo-partner
Life Is On Schneider Electric

### СИЛВЕР Покровители

Експрес Меин
SPARKASSE BANK
Ultra!
SMELT-ING
VEZESHARRI LECKER elektro
SOCOTAB Leaf tobacco
Swisslion
AllianceOne




**Посетете не' на веб-порталот: www.mchamber.mk**

ISO 9001:2015

**Стопанската комора на Северна Македонија**
**ПРВА комора и ПРВА институција во РСМ**
**со новиот стандард ISO 9001:2015**

http://www.facebook.com/chamber.mk
http://www.twitter.com/Chamber_MK
http://www.youtube.com/user/MKChamber
http://www.linkedin.com/company/economic-chamber-of-macedonia

**20-тина бизнисмени од Косово и Северна Македонија одржаа билатерални средби во три сектори ИКТ, дрвна индустрија и мебел во рамки на ЕЕН проектот, а во организација на Стопанската Комора на Северна Македонија, МИР Фондација и РЕА Приштина, во хотел Белви**

Стопанската Комора на Северна Македонија во соработка со Фондацијата за менаџмент и индустриско истражување и Бизнис Асоцијацијата - РЕА од Косово во рамки на Европската мрежа на бизнис можности (Enterprise Europe Network) организираа билатерални средби на компании од Северна Македонија и Косово во хотел Белви. (19.7.2021).

20-тина бизнисмени од Косово и Македонија одржаа билатерални средби во три клучни сектори  и тоа во информатичка и комуникациска технологија (ИКТ), дрвна индустрија и мебел, и пред потенцијалните претставници од компаниите ги претставија своите можности за идна можна деловна соработка и ширење на својот бизнис на македонскиот и на косовскиот пазар.

Компаниите од двете страни имаа можност да се запознаат и со потенцијалните можности за инвестирање во Република Северна Македонија и Косово.

За прв пат оваа година во рамки на Европската мрежа на бизнис можности –ЕЕН се одржуваат билатерални средби со физичко присуство, при што на компаниите од дветте земји им се овозможи можност да пронајдат соодветни деловни партнери, дистрибутери, да споделат искуства со меѓународни деловни партнери, да ја прошират деловната мрежа на соработка и да бидат во тек со трендовите што ги нуди пазарот, а се со цел да бидат поконкуретни на пазарот.



# ОТВОРЕН БАЛКАН БЕЗ ГРАНИЦИ, СО ПРИЗНАВАЊЕ НА РАБОТНИТЕ ДОЗВОЛИ И КВАЛИФИКАЦИИТЕ НА РАБОТНИЦИТЕ




Без граници од 2023 година и со признати работни дозволи и квалификации на работниците од 2022 година помеѓу Северна Македонија, Србија и Албанија, се клучните економски придобивки за поголема регионална соработка за што тројцата политички лидери, премиерите на Северна Македонија и Албанија, Зоран Заев и Еди Рама, и претседателот на Србија, Александар Вучиќ, потпишаа договори и меморандуми за соработка на Регионалниот економски форум, што се одржа во Скопје во присуство на повеќе од 400 бизнисмени од трите земји но и пошироко.

Во рамки на форумот покрај официјалниот политички дел следуваше економски панел со учество на претседателите на Стопанската комора на Северна Македонија, Стопанската комора на Србија и Унијата на трговско-индустриски комори на Албанија.

Претседателот Бранко Азески упати порака дека бизнисот сака Отворен Балкан и обединување и побара од политичките лидери да се стави крај на грдите слики на граничните премини кои го фрустрираат бизнисот и конечно да исчезнат колоните камиони од граничните премини. На компаниите, вели претседателот на Комората Азески, доста им е од затвореност, сива економија и ефтина работна сила.

Регионалното обединување е процес во кој треба да бидат вклучени сите, и политичарите, и бизнисот, вели премиерот Зоран Заев на економскиот панел. Стопанствениците може многу да придонесат за олеснување на бариерите и елиминирање на пречките за воспоставување систем кој ќе доведе до реализирање на целите, во јануари 2023 година да има 0 минути чекање на граничните премини, а од идната 2022 година со една работна дозвола да може да се работи во трите земји и да бидат признати квалификациите помеѓу Северна Македонија, Србија и Албанија.

Заев најави вмрежување на софтверите на царинските служби на трите земји со кои ќе се воспостави следливост на фактурите и порамнувањето на даноците. Нема логика, вели премиерот Заев, ако царинските постапки се регулираат во самите компании или од местото на тргнување на стоката, истата потоа со саати да се задржува повторно на граничните премини. Ваквиот систем ќе помогне и во елиминирање на криминалот. Во таа насока, од економскиот панел, беа најавени и посебни брзи ленти за камиони на граничните премини.

Претседателот на Република Србија, Александар Вучиќ, акцентот на соработката го стави на довербата како клучен предуслов за успешно регионално обединување. Проблемот е, вели Вучиќ, што сè уште повеќе сакаме да веруваме на други, отколку на нас како соседи. Во ситуации кога имаме проблеми први на помош притекнуваат соседите и тоа како факт треба да се негува и развива. Да станеме доверливи парнери, бизнис довербата да ја пренесеме и на граѓаните, но уште повеќе и на довербата на јавната администрација.

Премиерот на Албанија, Еди Рама, порача дека секоја од земјите во регионот на Западен Балкан што не ја гледа големата слика за регионален развој преку отворање на границите, ќе направи лошо само за бизнисмените во сопствените редови и за развој на поединечните економии. Вели, ако земјите членки на ЕУ може слободно да функционираат во рамки на Унијата зошто тоа да не може да се преслика на регионот на кој припаѓаме.

Економската регионална соработка има потенцијал на полето на трговијата, заедничките инвестиции, развој на туризмот, настапот на трети пазари.

Проблемите нема да се решат сами, беше констатирано на економскиот панел. Затоа претседателот на Стопанската комора на Србија, Марко Чадеж, во улога на модератор се заблагодари на трите држави што работат на отворање на земјите и границите, на креирање јасни визии за проток на стоки, услуги, капитал и луѓе без застој и на признавање на квалификациите и работните дозволи на ниво на трите економии.

Во рамки на форумот беа одржани и повеќе од 200 деловни средби (Б2Б) помеѓу стопанственици од Западен Балкан.






# САМО СО ВОВЕДУВАЊЕ НА СВЕТСКИ СТАНДАРДИ МОЖЕ ДА СЕ СПАСАТ ЛОЗАРСТВОТО И ВИНАРСТВОТО



**Голем дел од лозовите насади од сортите вранец и смедеревка во Тиквешкиот регион се оптоварени со род затоа што не се применуваат соодветни агротехнички мерки и стандарди, е клучната констатација во најновата анализа на состојбата на лозовите насади во тиквешкото виногорје што ја направи Земјоделскиот институт при универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ од Скопје.**

Анализата на Институтот, чија цел е да се направи соодветна проценка на приносот и квалитетот на најзастапените сорти пред почетокот на годинашната берба, покажува дека просечниот принос кај вранецот од десетте најголеми локалитети во тиквешијата оваа година изнесува над 24 тони по хектар, а кај смедеревката тој надминува и 28 тони по хектар.

Иднината и долгорочната развојна перспектива на македонската винска индустрија и лозарство зависат од тоа колку брзо ќе бидат прифатени и применети светските стандарди во производство на грозје со висок квалитет, кое е неопходно за производство на врвни вина со премиум квалитет што се бараат од страна на потрошувачите, особено на странските пазари. Производството и пласманот на големи количини наливно вино со низок квалитет што сè уште доминира во нашиот извоз не ја подобрува нашата конкурентност и нашата репутација како винска земја во светски рамки.

Науката и праксата покажуваат дека за да се постигне висок квалитет на грозјето, родот мора да се ограничува помеѓу четири и осум тони по хектар, а во исклучителни случаи, кај високо родните сорти грозје како што се вранецот и смедеревката, тој не треба да надминува 12 до 16 тони по хектар. Според тоа, годинешниот род кај најзастапените сорти грозје во нашата земја е скоро двојно поголем од она што е дефинирано како светски стандард во оваа област.

Дополнително, според познавачите на состојбите, голем дел од производителите на грозје во земјава го зголемуваат родот со тоа што неконтролирано и обемно го наводнуваат грозјето со што тоа добива на родност и тежина, но при тоа ја губи шеќерноста која има клучна улога во

квалитетот на виното, затоа што од грозје со ниска шеќерност може да се произведе само вино со низок квалитет. Мотивацијата кај производителите за постигнување што поголем принос на лозјата лежи во несоодветната политика на субвенционирање по килограм, наместо со неа да се поттикнува зголемување на квалитетот на грозјето. Науката и практиката докажале дека за да се произведе грозје со потребниот висок квалитет, неопходно е да се напуштат досегашните практики за зголемување на родноста и тежината на грозјето и задолжително да се воведат современи стандарди и агротехнички мерки со кои ќе се ограничи родот до потребното ниво, што е пракса во сите светски вински региони каде се произведуваат грозје и вина со премиум квалитет.

За да го стимулира производството на грозје со висок квалитет винарницата „Тиквеш" од оваа година започна да им нуди повеќегодишни договори на лозарите кои произведуваат сорти со највисок квалитет кои се особено ценети на домашниот и странските пазари. Истовремено, за грозјето со највисок квалитет кое се преработува во процесот на микровинификација, преку кој се произведуваат премиум вина во ограничени количини, предвидени се и посебни услови за плаќање на откупеното грозје кои се многу пократки од законски дефинираните рокови.



# ПРОИЗВОДСТВЕНИОТ КАПАЦИТЕТ НА ГРУПАЦИЈАТА „КОСТАЛ“ ВО ОХРИД ДОСТИГНА ИЛЈАДА ВРАБОТЕНИ




Германскиот концерн „Костал“ за производство на делови и компоненти за автомобилската индустрија на свечен начин го одбележа ангажирањето на илјадитиот вработен во нивната филијала во Охрид.

Директорот на „Костал Македонија“, Виктор Мизо, истакна дека одлуката компанијата да отвори своја филијала во земјава е плод на долготраен процес, чие преговарање траело повеќе од три години, пренесува МИА.

-Охрид беше идентификуван како град со соодветна индустриска традиција, можности знаење и квалификација на вработени. Максимумот во плановите на „Костал“ во 2015-та година беше да стигнеме до 800 вработени. За помалку од пет години стасавме до илјада, и тоа вработени колеги не само од охридскиот и струшкиот регион туку од целата земја. Сметаме дека успехот е последица на она што како концепт го нуди компанијата – технолошко развиен, напреден процес, со висока технологија, автоматика, роботика, производи што се најсофистицирани не само во рамки на „Костал Групацијата“, туку и меѓу сите странски компании во Македонија моментално, рече Мизо.

Тој смета дека дополнителните производствени капацитети што се планира да бидат отворени во регионот, за „Костал“, но и за средината генерално, ќе придонесат во формирањето кластер на технолошки напредни компании, а преку тие процеси регионот ќе се идентификува како место каде се повеќе луѓе ќе решаваат да работат, напредуваат и да ја пронајдат својата егзистенција.

-Како Групација, тука во Охрид ја поседуваме најнапредната технологија. Процесите како енергетската електроника, електрониката, лиењето пластика и составувањето електронски елементи го имаме само тука во Охрид и уште во нашите капацитети во Кина, а не во Германија, САД, Ирска, Мексико, Индија, Британија…Сето тоа оди во прилог на перцепцијата дека тука во Македонија реално е остварлив планот да достигнеме обрт до над 400 милиони евра годишно, што е мошне значајно за земја како нашата, рече Мизо.

Капацитетот за производство на „Костал“ е лоциран во Охрид, како браунфилд инвестиција во кругот на поранешниот „ЕМО“ во селото Косел. „Костал“ е семејна фирма и познат снабдувач со напредни електронски технологии, електромеханички и мехатронички производи за големи индустриски капацитети, со 38 производствени филијали во 17 земји.

# ОХРИДСКА И ШПАРКАСЕ И ОФИЦИЈАЛНО СЕ ИНТЕГРИРАА ВО ШПАРКАСЕ БАНКА – МАКЕДОНИЈА




Под мотото „Заедно можеме повеќе" денеска официјално беше означено интегрирањето на Охридска и Шпаркасе во Шпаркасе банка – Македонија.

Проектот на интегрирањето почна во ноември 2019 година и е завршен изминатиот викенд, а со него, како што изјави денеска претседателот на Управниот одбор на Шпаркасе банка – Македонија Глигор Бишев се отвора нова страница во развојот на самата банка, но и во консолидација на банкарскиот сектор во земјава.

Шпаркасе банка-Македонија е четврта најдобро рангирана банка во Северна Македонија со вкупна актива од над една милијарда евра. Секое трето семејство во земјава, како што истакна Бишев, има сметка во Банката, а две третини од меѓународно активните мултинационални компании присутни во Северна Македонија остваруваат соработка со банката, во која се реализираат и една половина од налозите за брокерско тргување со странство и за старателство и депозитарно работење на пензиските и инвестициските фондови.

Бишев напомена дека Шпаркасе банка – Македонија е единствена банка со подружница за финансиски лизинг, како и водечка банка во проектното финансирање и една од водечките банки во корпоративната поддршка и поддршката на населението.

Напомена дека за нив како и досега и во иднина сите клиенти ќе бидат важни – големите компании, малите бизниси, населението, при што ќе се обидат да им ги понудат најдобрите услуги и решенија.

-Нашата определба е да бидеме финансиски супермаркет, во кој секој ќе може да го најде она што му е потребно да го одбере најдоброто и да добие највисока корист и додадена вредност. Ќе водиме сметка за животната средина, ќе бидеме хумана банка како за вработените, така и за клиентите, рече Бишев и додаде дека предност ќе имаат проекти, со кои се имплементираат нови технологии и иновации.

За стратешката визија на мнозинскиот акционер Штаермеркише Шпаркасе, на настанот на официјалното прогласување на интеграцијата говореше, претседателот на Надзорниот одбор, Георг Бухер, кој изрази благодарност до локалните власти за дадената поддршка изминатиот период за реализацијата на интеграцијата, која, како што рече е прво вакво поголемо спојување во земјава.

# ЖИВКО МУКАЕТОВ, ОДЛИКУВАН СО ОРДЕН ЗА ЗАСЛУГИ ОД ПРЕТСЕДАТЕЛОТ ПЕНДАРОВСКИ



Во Указот од претседателот Пендаровски се наведува дека Орденот на г. Мукаетов му е доделен за континуитетот, иновативноста, визијата и за беспрекорните професионални стандарди во современото корпоративно управување во фармацевтската индустрија; за докажаниот квалитет во производството на брендовите кои се градени, одржувани и осовременувани со генерации наназад; за инвестицијата во новите технологии, во едукацијата и во експертизата на кадарот кој ги создава брендовите, како и за неговата филантропска култура и широка општествена одговорност.

На свечената церемонија на примопредавањето, на свечена церемонија одржана во Вилата „Водно", г. Мукаетов се заблагодари за високата чест што му е укажана со престижното државно одличје и изјави:

„Орденот го добивам во годината на 85-тиот јубилеј на Алкалоид. Пред 15 години јас застанав на чело на тој систем со цврсто поставени принципи на корпоративно управување но внесов нова енергија согласно спецификите на модерните текови, секогаш имајќи ја на ум максимата на мојот татко, Трајче Мукаетов: 'Алкалоид е компанија за сите времиња и мора да мислиме на нашата иднина'. Алкалоид е компанија на 2500 семејства, 1100 добавувачи и над 5000 акционери, на сите нас. Вложувањето во иднината на заедницата во која живееме и работиме ќе остане на врвот на моите приоритети, преку помагање во здравството, фармација, образованието, културата, спортот, преку мојата функција на генерален конзул на Кралството Данска во земјава и филантропијата воопшто. Посветено работам и ќе продолжам да работам претставувајќи ја успешната македонска приказна дома и надвор од нашите граници.

Ова високо одликување од страна на Претседател на држава за прв оди во раце на стопанственик што само по себе укажува на придонесот на г. Мукаетов за развој на стопанството и општеството во целина.

Покрај Мукаетов, претседателот Стево Пендаровски ги одликуваше и Горан Стефановски, Зафир Хаџиманов, Ремзи Несими (сите постхумно) со истиот Орден за заслуги за Република Северна Македонија. Орденот за заслуги е одличје кое им се доделува на личностите кои со својот ангажман придонеле и направиле врвни остварувања во разни сфери од општествениот живот во земјава.

# Македонски Телеком ќе донира 2 милиони денари за граѓаните погодени од пожарите



Македонски Телеком ќе донира два милиони денари за помош на граѓаните кои живеат во областите погодени од големите пожари. Донацијата ќе се реализира во соработка со Црвениот Крст на РСМ. Техничките екипи на Македонски Телеком се постојано на терен, за да ги санираат штетите од пожарите на телекомуникациската опрема. Благодарение на овие вонредни активности, мрежата засега е функционална, а граѓаните остануваат поврзани. Во соработка со Црвениот Крст, ставен е во функција и бројот за донации 143 400 на кој секој може да донира. Пожарите предизвикаа голема материјална и емотивна штета на голем број наши сограѓани и наша обврска, како општествено одговорна компанија е да покренеме иницијатива за помош, која се надеваме ќе ја следат и останатите приватни компании.


E-LEARNING
student
content
knowledge
virtual
online
time
courses
objects
video
example
software
easily
participant
information
electronic
teaching
term
online
assessment
education
social
web
example
computers
internet software
support
electronic
system
work
system
classroom
assessment
cost
devices
elearning
video
example

# Центар за едукација и развој на човечки ресурси



Семинар
14.09.2021

# НАПРЕДЕН MICROSOFT POWER POINT ЗА ДЕЛОВНИ КОРИСНИЦИ

На онлајн семинарот ќе се обработува користењето на програмот Microsoft PowerPoint кој е дел од програмскиот пакет за канцелариско работење Microsoft Office.

Семинарот ќе се реализира преку практично работење на која се изучуваат сите опции од програмот. Учесниците на онлајн семинарот ќе се здобијат со практични знаења од областа на програмот Microsoft PowerPoint и ќе научат практично да ги користат сите опции и да изработуваат најразлични презентации.

За учество на онлајн семинарот неопходно е да имате компјутери на кои е инсталиран програмот Microsoft PowerPoint. Ќе се работат голем број практични вежби смислени специјално за потребите на програмата.

**Предавач:** Проф.д-р Зоран Ивановски, редовен професор на Економскиот факултет при Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје, реномиран регионален стручњак од областа на финансискиот менаџмент и предавач со долгогодишно искуство во земјата и странство. Во својата долгогодишна универзитетска кариера бил на раководни факултетски и универзитетски позиции како Ректор на Европскиот универзитет – Република Македонија, Проректор на Европскиот универзитет – Република Македонија и Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје, декан на Економски факултет при Европскиот универзитет – Република Македонија, визитинг професор на Универзитетот на Југоисточна Европа во Тетово, Универзитетот “Свети Апостол Павле“ во Охрид и на Економскиот факултет на Универзитетот во Валенсија, Шпанија. Покрај универзитетската кариера предава на обуките за брокери и за инвестициски советници организирани од Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија. Успешно раководи со првата бизнис клиника во нашата земја “Business Clinic DB”.

**Контакт лица:**

**м-р Анита Митревска**
**++ 389 2 3244057**
**anita@mchamber.mk**

**Михајло Донев**
**++ 389 2 3244067**
**Mihajlo@mchamber.mk**

**Семинар**
**21.09.2021**

# МАГАЦИНСКОТО И МАТЕРИЈАЛНО РАБОТЕЊЕ НИЗ ПРИЗМА НА ДАНОЧНА РЕГУЛАТИВА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, ИЗРАЗЕНО ПРЕКУ ПРАКТИЧНИ ПРИМЕРИ И ПРИМЕНА НА МСС СТАНДАРДИТЕ

Целта на семинарот е да се разработат темите кои се однесуваат на Законската регулатива, МСС и нивно спроведување во магацинското и материјалното работење, оформување документација, прием, издавање и евидентирање на истото, изготвување на калкулации и попис.

**Предавач:** - Зоран Лазароски, дипломиран економист специјалност финансии и сметководство, со 30-годишно искуство во областа на финансиското работење.

**Контакт лица:**

**м-р Анита Митревска**
**++ 389 2 3244057**
**anita@mchamber.mk**

**Михајло Донев**
**++ 389 2 3244067**
**Mihajlo@mchamber.mk**

Семинар
22.09.2021 - 23.09.2021

# УПРАВУВАЊЕ СО СОФТВЕРСКИТЕ ИЗМЕНИ

Развојот на софтвер претставува двигател за развој, иновации и конкурентност. Во изминатите години развојот на софтвер ја издигна ИТ индустријата, а голем дел од компаниите се фокусираа и кон извоз на софтвер и ИКТ услуги и надвор од границите на домашната економија. Оттука целосниот процес на развивање на софтверско решение е од особена важност за да се осигура испорака на производ кој има голема вредност за клиентот и корисниците, гарантирајќи дека се запазени сите фази и чекори од генерирање на барањето со потребните функционалности, до развој, тестирање и испорака до клиентот.

За таа цел, Стопанската комора на Северна Македонија на 22 и 23 септември 2021 година организира дводневен „онлајн" семинар на тема: „УПРАВУВАЊЕ СО СОФТВЕРСКИТЕ ИЗМЕНИ".

Во рамки на семинарот ќе биде разгледан конкретен развој на нови или измена на постоечки софтверски решенија. Детално ќе бидат разработени сите процеси кои се важни како што се процесот на управување со измените (развој), тестирање и пуштање во продукција. Накратко ќе биде анализирана врската помеѓу овие процеси со други значајни ИТ процеси како што се управување со настани, инцидентни, проблеми итн. Ќе бидат обработени и барањата и одговорностите кои се неопходни за да би се овозможила независност при развој, тестирање и пуштање во продукција

Предавач:
Лука Милинковиќ, ИТ-ревизор во „НЛБ Банка"-Белград,

**Контакт лица:**

**м-р Анита Митревска**
**++ 389 2 3244057**
**anita@mchamber.mk**

**Михајло Донев**
**++ 389 2 3244067**
**Mihajlo@mchamber.mk**

**Семинар**
**23.09.2021**

# НАПРЕДНИ ПИВОТ ТАБЕЛИ И ГРАФИКОНИ ВО ЕКСЕЛ

Пивот табелите во Ексел спаѓаат во најважните алатки во деловното планирање, микроекономската анализа и носењето на одлуки. Во свет во кој сме постојано опкружени со податоци, бројки, трендови и статистики, неопходно е да ги разбираме и да бидеме способни да ги користиме пивот табелите, бидејќи тие се дел од најважните алатки за носење на деловни одлуки

Предавач:

Проф.д-р Зоран Ивановски, редовен професор на Економскиот факултет при Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје, реномиран регионален стручњак од областа на финансискиот менаџмент и предавач со долгогодишно искуство во земјата и странство.

**Контакт лица:**

**м-р Анита Митревска**
**++ 389 2 3244057**
**anita@mchamber.mk**

**Михајло Донев**
**++ 389 2 3244067**
**Mihajlo@mchamber.mk**

Саем 28.02.2022 - 02.03.2022

# Саемска манифестација: „International Food and Drink Event (IFE)“

Стопанската комора на Македонија, во соработка со Министерството за надворешни работи на РСМ и со Амбасадата на РСМ во Лондон, ве поканува да учествувате на претстојниот саем International Food and Drink Event (IFE), кој ќе се одржи од 28 февруари до 2 март 2022 година во Саемскиот центар „Лондон ExCel“.

Поради условите што се наметнати од пандемијата предизвикана од КОВИД 19, настанот (првично предвиден за март 2021 година) се презакажува за нов датум – од 28 февруари до 2 март 2022 година.

Настанот претставува одлична можност за презентација на македонските производители на храна и на пијалаци во Обединетото Кралство и пред другите странски иновативни и глобални производители и купувачи кои ќе бидат присутни.

**Предности зошто да учествувате на саемот**

Учество на 1000 малопродажни купувачи. Пазарот на мало предвидено е да порасне за 10 % во следните 3 години. IFE има моќ за привлекување на сите најголеми трговци на мало во Велика Британија.

Сериозност во деловните потфати. Изложувачите на IFE 2019 се очекува во просек да генерираат 223.000 фунти од деловното работење, засновано врз состаноците и врз првичните разговори што се одржаа.

Седум настапи во еден. Предвидено е да се обединат IFE Manufacturing Solutions; The Hotel, Restaurant & Catering Show; The London Produce Show; European Coffee Expo; The UK Pub Show, како и Festival of Enterprise, креирајќи годишен настан за храна, пијалаци и за услуга каде што е сè на едно место. Се очекува повеќе од 2 000 изложувачи да ги презентираат своите производи и услуги со повеќе од 45.000 присутни.

IFE е единствената трговска изложба за храна и за пијалаци поддржана од Владата на Велика Британија. Главни спонзори на настанот се Одделот за животна средина и рурални работи и Одделот за меѓународна трговија, притоа поставувајќи го настанот високо на агендата на прехранбената индустрија во Велика Британија.

Сите заинтересирани учесници за саемот, со пријава и со резервација на штанд до 18 декември 2020 година, ќе добијат повластени цени и добра локација на штандот.

Подетални информации во врска со настанот можете да најдете на нивната официјална веб-страница: https://www.ife.co.uk/.

**Контакт лица:**

**Васко Ристовски**
**++ 389 2 3244014**
**vasko@mchamber.mk**

**м-р Сања Николова**
**++ 389 2 3244091, М. 071 230 452**
**sanja@mchamber.mk**

СТОПАНСКА КОМОРА
НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ECONOMIC CHAMBER
OF NORTH MACEDONIA

# ЦЕНТАР ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТ ВО ПРОИЗВОДСТВОТО И УСЛУГИТЕ




## НАША ЦЕЛ

- давање поддршка за имплементирање на меѓународните стандарди со цел полесен пристап на фирмите на европските пазари и зголемување на деловната активност со партнерите,
- обезбедување на ажурирани податоци и информации од областа на квалитетот, стандардите , а од интерес на фирмите,
- унапредување на знаењата и искуствата со цел подобрување на перформансите на работењето на фирмите

**Контакт:**
Емилија Тодоровска
Телефон: +389 02 3244047
Факс: + 389 02 3244088
emilija@mchamber.mk
www.mchamber.mk

Стопанска Комора  на Северна Македонија
ул.”Димитрие Чуповски” бр. 13
Скопје , Република Северна Македонија

## НАШИ  АКТИВНОСТИ

**Консултантски услуги** за :

- имплементација на Систем за управување со квалитет согласно **ISO 9001:2015**;
- имплементација на **HACCP** (систем за анализа на ризици и критични контролни точки);
- имплементација на Систем за управување со безбедна храна согласно **ISO 22000:2018**;
- имплементација на Систем за управување со животната средина согласно **ISO 14001:2015**;
- имплементација на **HALAL стандард**;
- имплементација на Систем за управување со здравје и безбедност при работа, согласно **ISO 45001:2018.**

СТОПАНСКА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

TÜV NORD ISO 9001:2015

# Ваш деловен соработник во светот на бизнисот

**Посетете не' на веб-порталот:**
**www.mchamber.mk**

**Ве очекуваме!**

http://www.facebook.com/chamber.mk

http://www.twitter.com/Chamber_MK

http://www.youtube.com/user/MKChamber

http://www.linkedin.com/company/economic-chamber-of-macedonia

99
*години*
*Основана 1922*

**Дизајн и графичка обработка**

Стево Серафимов
тел: : (02) 3244032, stevo@mchamber.mk

Стопанска комора на Северна Македонија
ул.„Димитрие Чуповски“ 13, Скопје
тел: : (02) 3244000, факс: (02) 3244088